Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024
2025

Извадок на дел од дневни настани 07.02.2025

На 06.02.2025 во 11.35 часот на улица „146" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Р.Ѓ.(50) од Тетово поради основано сомнение дека на 01.02.2025 извршил кривично дело „тешка кражба", при што од зграда во изградба, сопственост на Ф.Е.(50) од с.Милетино, тетовско, одзел повеќе предмети. Кај него биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 06.02.2025 во 19.15 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(18) од с.Ново Село, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутеста материја. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени марихуана, бела грутеста материја, таблети и дигитална вага. По целосно документирање на случајот, против лицето ќе следува соодветна кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 05.02.2025, по претходно издадена наредба од Основен суд Битола, а поради сомнение за сторено кривично дело по член 396 од Кривичниот законик, полициски службеници од СВР Битола извршиле претрес во дом и помошни простории на Д.С.(20) во с.Трап, битолско. При претресот биле пронајдени и одземени четири ловечки пушки, една воздушна пушка и куршуми за пушки од различен калибар. По целосно документирање на настанот, против лицето ќе следува соодветна пријава.

На 06.02.2025 во 14.40 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(18) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 22.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.С.(48) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 16.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(43) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 16.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Р.(44) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.О.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 22.00 часот на улица ,,Иво Рибар Лола" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Х.С.(34) и А.П.(22), двајцата од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие се задржани во полициска станица и по документирање на случајот, ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 23.30 часот на ул.„Пере Тошев" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Б.Д.(39) од Прилеп, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и грутеста материја. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.02.2025 во 07.30 часот во СВР Битола било пријавено дека на депонија „Мегленци" во општина Новаци била пронајдена артилериска граната со калибар 75мм, која потекнувала од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола.

На 06.02.2025 во 13.00 часот во Полициската станица Чаир, Е.Ф.(36) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Ждраревски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.02.2025 во 16.50 часот во Полициската станица Центар, В.Ј.(42) од Скопје пријавил дека на бул.„Крсте Петков Мисирков " во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.02.2025 во 19.40 часот во Полициската станица Аеродром, Н.И.(49) од Скопје пријавила дека на бул.„12 Македонска бригада" во Скопје била касната од куче скитник.

На 06.02.2025 во 16.00 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода З.К.(54) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдена и одземена темно кафеава грутеста материја, за која по извршеното вештачење во Одделот за форензички испитувања било утврдено дека е опиум со нето маса од 11 килограми. З.К. бил задржан во полициска станица, известен јавен обвинител и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена пријава за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик.

На 06.02.2025 во 21.30 часот на автопат А1 во близина на Граничен премин Богородица, полициски службеници од СВР Струмица - ОВР Гевгелија го лишиле од слобода З.В.(43) од Штип. Тој бил осуден на затворска казна во траење од седум години и две месеци за сторено кривично дело „разбојништво", а бил баран по потерница поради бегство од Казнено - поправната установа Затвор Штип. Лицето е спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Штип за доиздржување на две години и пет месеци од казната.

На 06.02.2025 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода еден малолетник од с.Ново Село, скопско и Д.М.(18) од с.Бардовци, скопско, затоа што при преглед во рачната торба кај малолетникот биле пронајдени и одземени марихуана, пари и други предмети. По целосно документирање на случајот против малолетникот ќе следува кривична пријава по брза постапка по член 215 од Кривичниот законик.

На 06.02.2025 во 21.25 часот на регионалниот пат Струга - Дебар, кај место викано Суво поле, полициски службеници од полициското одделение во струшкото село Велешта го лишија од слобода Е.Ј.(26) од струшкото село Лабуниште. При преглед во патничко возило „митсубиши" со струшки регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.02.2025 во 20.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.А.(35) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06/07.02.2025 во периодот од 23.20 до 00.10 часот, полициски службеници од СВР Тетово, во содејство со Државен пазарен инспекторат - Тетово, извршиле контрола во угостителски објект на улица „Илинденска" во Тетово со цел пронаоѓање и откривање на лица инволвирани во извршување на кривични дела. За време на контролата од слобода биле лишени Ф.Н.(34) од с.Рогле, тетовско, В.Н.(44) од Крива Паланка и М.Д.Т.(32) од Тетово поради сомнение за сторено кривично дело по член 191 од Кривичниот законик. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 06.02.2025 во СВР Куманово било пријавено дека при извршување работни задачи за приватна фирма во село Кетеново, кратовско, А.Р.(35) од Бангладеш се заглавил во работна машина за правење бетон и од здобиените повреди починал на местото на настанот. Лекар констатирал смрт, а за настанот бile известени јавен обвинител и трудов инспектор. Увид извршила екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.02.2025 во 11.00 часот во СВР Скопје, 80-годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 615.000 денари. Според пријавеното, лицето телефонски ѝ се јавило и се претставило како полициски службеник кој работел во Германија, каде живеела и нејзината ќерка, и ѝ кажало дека нејзината ќерка предизвикала сообраќајна несреќа во која прегазила дете кое починало и доколку не сака таа да лежи во затвор, требало да плати. Како што е пријавено, таа подигнала пари од банка и ги оставила на договореното место, а подоцна откако се слушнала со нејзината ќерка сфатила дека била измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.02.2025 во 20.20 часот во СВР Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, бил физички нападнат од Ф.Б. од с.Грушино, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.02.2025 во 19.40 часот во с.Сарај, скопско, полициски службеници од СВР Скопје ја пронашле М.А.(15) од Скопје, за која на 05.02.2025 беше пријавено дека се оддалечила од домот.

На 06.02.2025 во 14.45 часот во СВР Скопје, 48 - годишен маж од Скопје пријавил дека околу 12.30 часот во автобус на ЈСП, кој сообраќал од Центар до општина Аеродром, неколку машки малолетни лица ја вознемирувале неговата малолетна ќерка и ја допирале по телото, при што едно од нив се соблекувало пред неа. Известен бил јавен обвинител за малолетници и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.02.2025) во 01.25 часот во СВР Скопје, И.Б.(41) од Скопје пријавила дека на 05.02.2025 околу 21.00 часот во парк на подрачје на Ѓорче Петров, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од две малолетнички и еден малолетник, кои притоа ѝ одзеле чантата со пари, мобилен телефон и други лични работи, додека пак друг малолетник снимал со мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Р.(54) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 11.11.2024 во Тетово, пријавениот физички го нападнал неговиот брат, при што употребил тврд предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.А.(51) и Ќ.А.(22), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 17.12.2024 во Тетово, по претходно недорозбирање околу наплата, пријавените физички нападнале вработен во Јавното претпријатие „Градски паркинг" - Тетово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.А.(51) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" при семејно насилство. На 03.01.2025, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга и ѝ нанел повреди.

СВР Битола поднесе кривични пријави против Н.П.(29) од Демир Хисар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шума", против Ј.М.(46) од Крушево поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „потпикнување" во врска со „пустошење на шума" и „кражба" и против правно лице од с.Врбоец, крушевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 02.11.2024 во атар на с.Вирово, по претходен договор со второпријавениот, првопријавениот извршил сеча на 28 букови стебла од место кое не е предвидено за сеча. Додека, пак, на 04 и 05.11.2024 од склад во с.Бигла-Вирово, второпријавениот одзел дрва во ине на третопријавеното правно лице, што е спротивно на договорите за купопродажба на огревно дрво склучени помеѓу правното лице и Јавното претпријатие „Национални шуми".

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.А.(51), Ш.М.Е.(55) и О.Р.(31) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". По текот на октомври 2024 година во Буновец, атар на с.Урвич, општина Боговиње, пријавените изградиле зид со бетон и железо и дрвена рам конструкција, без да поседуваат одобрение за градба од надлежен орган.

СВР Штип поднесе кривична пријава З.А.М.(57) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем"., Од семејната куќа на Б.Б. во Делчево, пријавената неовластено ја земала дебитната картичка и во повеќе наврати од банкомат подигнала 27.000 денари.